OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на чл. 38 од Статутот на Охридска банка АД Скопје и точка 5 и 7 од Одлуката на НБРМ за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка (сл.весник 159/2007), Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 11.5.2017 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје

1. Се ревидира и се одобрува Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје од 22.12.2016 година одобрен со Одлука СО бр. 0201-66650/4-1 од 22.12.2016 година.

2. Составен дел на оваа Одлука е Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО Бр. 0201-26237/9-1**
**11.5.2017**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

______________________

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
Кон Одлуката за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје

Согласно Одлуката за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка (Сл.весник 159/07), Надзорниот одбор на Банката е должен да подготви и да го почитува Кодексот за корпоративно управување на Банката.

Собранието на Банката го донесува Кодексот за корпоративно управување на Банката.

Кодексот за корпоративно управување на Банката ги опфаќа правилата на управување со Банката и правилата за надзор на управувањето.

Најмалку еднаш годишно, Кодексот за корпоративно управување е предмет на ревидирање.

Со ревидирањето на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје од 22.12.2016 година одобрен со Одлука СО бр. 0201-66650/4-1 од 22.12.2016 година се утврди дека тој е во согласност со Законот за банките, Законот за трговските друштва, Одлуката за основните начела и принципи на корпоративно управување во банка, Статутот и другите интерни акти на Банката, и е соодветен на видот и обемот на финансиските активности што ги врши Банката, поради што се одлучи Кодексот да биде одобрен.